Влада на Република Северна Македонија

Скопје, 17 септември 2024 година
Бр. 41-8651/ 3

До
Претседателот на Собранието
на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување по претставки и предлози, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 17 септември 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Лазе Јакимоски, заменик на министерот за јавна администрација, а за повереник Есма Адиловиќ Фазлиќ, раководител на сектор во Министерството за јавна администрација.

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија

проф. д-р Христијан Мицкоски

Подготвил: Тања Поповска, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Влада на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Горан Минчев, министер за јавна администрација и<br><br>д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација |
| ПОВЕРЕНИК: | Есма Адиловиќ Фазлиќ , раководител на сектор во Министерството за  јавна администрација |

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за постапување по претставки и предлози,по скратена постапка

Скопје, септември 2024 година

## ВОВЕД

## 1. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/08, 13/13, 156/15 и 193/15) се уредува постапувањето по претставките и предлозите поднесени до Претседателот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, судовите, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, јавните установи и служби и други органи и организации што вршат јавни овластувања.
Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24), во член 28 точка 6. е предвидено дека Министерството за информатичко општество и администрација продолжува да работи како Министерство за дигитална трансформација и како Министерство за јавна администрација, со надлежности утврдени со овој закон, како правни наследници на ова министерство.
Имајќи ги во предвид надлежностите на Министерството за јавна администрација утврдени со измените и дополнувањата од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа се наметна обврска за усогласување на надлежностите кои се предмет на Законот за постапување по претставки и предлози.
Дополнително со овој предлог закон освен измените кои произлегуваат од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, се прават измени заради усогласување со Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 253/23) како и се врши усогласување со Амандманот XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Основни цели на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување по претставки и предлози е усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, Законот за прекршоците, Амандманот XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија и Законот за Народниот правобранител.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување по претставки и предлози нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување по претставки и предлози нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, бидејќи не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување по претставки и предлози да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА
ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ

Член 1
Во Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/08, 13/13, 156/15 и 193/15), во членот 1 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 2
Во членот 13 зборовите „Министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите „Министерот за јавна администрација“.

Член 3
Во членот 18 зборовите „на Република Македонија“ се бришат.

Член 4

Во член 19 во ставот (2) зборовите „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите „Министерството за јавна администрација”.
Во ставот (3) зборовите „Министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите „Министерот за јавна администрација“.

Член 5
Во членот 20 зборовите „Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите „Министерството за јавна администрација”.

Член 6
Во член 21 во ставот (1) зборовите „од 500 до 1.000 евра“ се заменуваат со зборовите „од 250 до 500 евра“.
Во ставот (2) зборовите „од 500 до 1.000 евра“ се заменуваат со зборовите „од 250 до 500 евра“, а зборовите ,,Министерството за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите ,,Министерството за јавна администрација”.
Во став (3) во воведната реченица зборовите „од 300 до 600 евра“ се заменуваат со зборовите „од 250 до 500 евра“.

Член 7
Во член 21-а во ставот (1) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите „пред да поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.”
Ставот (3) се менува и гласи:
„Во евиденцијата од ставот (2) на овој член, се собираат, обработуваат и чуваат податоците за постапката за издавање на прекршочен платен налог (реден број, број и датум на записник за прекршок и правна квалификација на прекршокот), податоци за сторителот на прекршокот (име и презиме или назив на сторител, адреса/седиште на сторителот и матичен број/ЕДБ на сторителот (за странец се запишува број на патна исправа)) и за постапката за извршување (број и датум на платен налог; износ на глоба (во евра); рок за доброволно плаќање на глоба; наплата на глоба (да/не) и датум на поднесено барање за поведување на прекршочна постапка).”

Во ставот (5) зборовите „министерот за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите „министерот за јавна администрација”.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на Закон за изменување на Законот за постапување по претставки и предлози е систематизиран во 8 члена.
Со член 1 се менува членот 1 од законот со цел усогласување со Амандманот XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија.
Со член 2 се менува членот 13 и се утврдува надлежност на министерот за јавна администрација.
Со член 3 се менува членот 18 од законот во однос на називот на органот Народен правобранител, заради усогласување со Уставот на Република Северна Македонија и Законот за Народниот правобранител.
Со член 4 се менува членот 19 став (2) и се утврдува надлежност на Министерството за јавна администрација, а во став (3) се утврдува надлежност на министерот за јавна администрација.
Со член 5 се менува членот 20 и се утврдува надлежност на Министерството за јавна администрација.
Со член 6 се менува членот 21 во ставовите (1), (2) и (3) се врши усогласување со Законот за прекршоци, а во ставот (2) се утврдува надлежност на Министерството за јавна администрација.
Со член 7 се менува членот 21-а ставовите (1) и (3) заради усогласување со Законот за прекршоци и ставот (5) со кој се утврдува надлежност на министерот за јавна администрација.
Со член 8 се уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија во овој предлог закон, меѓусебно се поврзани и се надополнуваат.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното решение ќе се направи измена во делот на надлежното министерство согласно позитивните законски прописи со цел усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, а воедно ќе се усогласи и со Законот за прекршоците.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ КОИ СЕ МЕНУВААТ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува постапувањето по претставките и предлозите поднесени до Претседателот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, судовите, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, јавните установи и служби и други органи и организации што вршат јавни овластувања (во натамошниот текст: органи кои постапуваат по претставките и предлозите).

**Член 13**

Министерот за информатичко општество и администрација го пропишува начинот на постапување по претставките и предлозите на органите од членот 1 на овој закон.

**Член 18**

Доколку подносителот не добие одговор по претставката, односно предлогот, може да се обрати до Народниот правобранител на Република Македонија и да побара заштита.

**Член 19**

Органите од членот 1 на овој закон задолжително водат евиденција за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите.

Органите од членот 1 на овој закон за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите се должни да доставуваат извештаи на секои шест месеца до Министерството за информатичко општество и администрација.

Министерот за информатичко општество и администрација ги пропишува содржината, начинот и формата на водење на евиденцијата за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите, како и содржината на извештаите од ставот (2) на овој член.

**Член 20**

Надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството за информатичко општество и администрација.

## III. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 21

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице, до кој е поднесена претставката, односно предлогот, доколку не определил овластено лице кое во рамките на органот ќе постапува по претставките и предлозите или не е формирана внатрешна организациона единица согласно актот за организација и систематизација, за постапување по претставки и предлози, согласно со членот 7 од овој закон.

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице, ако не достави извештај до Министерството за информатичко општество и администрација согласно со членот 19 став 2 од овој закон.

Глоба во износ од 300 до 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице кое согласно со членот 7 од овој закон е определено да постапува по претставките и предлозите и тоа, ако:

1) не ја достави претставката, односно предлогот до надлежниот орган или не го извести подносителот дека претставката, односно предлогот е предадена на друг орган согласно со членот 5 став 2 од овој закон;

2) не го извести подносителот на претставката, односно предлогот за основаноста и за резултатите од постапувањето во рокот определен со членот 9 став 1 од овој закон;

3) по барање на органот кој постапува по конкретна претставка или предлог не му ги даде потребните објаснувања и податоци за прашања што се однесуваат на претставката, односно предлогот, како и известување за преземените мерки за решавање на прашањето согласно со членот 12 став 1 од овој закон и

4) при постапувањето по претставката, односно предлогот се утврди дека на подносителот со акт, дејствие или мерка му е повредено право или му е нанесена штета, односно е повреден јавниот интерес утврден со закон, а органот кој постапува по претставката, односно предлогот нема да му укаже на надлежниот орган и нема да побара да се преземат потребните мерки согласно со закон за отстранување на повредата на правото, односно причинетата штета согласно со членот 15 став 1 од овој закон.

### Член 21-а

За прекршоците од членот 21 од овој закон, управниот инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците.

Управниот инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот (2) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште,

односно претстојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог и исходот од постапката.

Личните податоци од ставот (3) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за информатичко општество и администрација.